**И З В Р Ш И Т Е Л**
**ИгорАнтевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма УдарнаБригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 764/2022**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот - ремитент Александар Алексовски од Скопје со живеалиште на ул.Тодор Александров бр.83/1-13 преку полномошник Адвокат Емилија Мицковска од Скопје, засновано на извршната исправа Нотарски Акт – Изјава за уредување на права и обврски на потписници на меници ОДУ број 681/22 од 15.06.2022 година на Нотар Сашо Клисароски од Скопје, против должникот трасант-акцептант Друштво за производство, трговија и услуги БОХ ИНН ДООЕЛ Штип од Штип со ЕДБ 4029008502458 и ЕМБС 6371744 и седиште на ул.Гоце Делчев бр.44, и должникот - авалист Катерина Барзова од Штип со живеалиште на ул.Христијан Тодоровски Карпош бр.103, за спроведување на извршување во вредност 40.270,00 ЕВРА во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплатата, на ден 03.04.2023 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:стан и помошна просторија, запишана во имотен лист бр.5359 КО Радовиш при АКН на РСМ – ОКН Радовиш со следните ознаки:
Лист В: Податоци за згради, посебни делови од згради и др.објекти и правото на сопственост
- КП 4260 дел 0, адреса Самоилова бр.32-1/20, број на зграда 1, намена А2-1, влез 1, кат К 4, Број 20, намена СТ, внатрешна површина 72 м2,
- КП 4260 дел 0, адреса Самоилова бр.32-1/20, број на зграда 1, намена А2-1, влез 1, кат ПО, Број 20, намена П, внатрешна површина 8 м2,
со запишано право на сопственост на должникот - авалист Катерина Барзова од Штип со живеалиште на ул.Христијан Тодоровски Карпош бр.103, Штип.

Продажбата ќе се одржи на ден **24.04.2023 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 во Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Игор Антевски, изнесува **2.255.304,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености – Налог за извршување врз недвижност И.бр.764/2022 од 06.07.2022 год. на Извршител Игор Антевски од Скопје, Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.1699/22 од 28.07.2022 година на извршител Емилија Павловска од Штип, Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.1700/22 од 28.07.2022 година на извршител Емилија Павловска од Штип.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори,

извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста во износ од 225.531,00 денари.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.250-010402320-172 која се води кај Шпаркасе банка АД Скопје и даночен број 5080021510736.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски